НА КОМУНАЛЕН ОТПАД ДРИСЛА СКОПЈЕ
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR DEPONIMIN E
MBETURINAVE KOMUNALE DRISLLA SHKUP

Бр./ Nr. 02 – 100/1
21.01.2021 год.
СКОПЈЕ / SHKUP

Врз основа на член 38 од Статутот на ЈП депонија Дрисла Скопје, а во врска со член 8 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, В.Д. Директорот на ЈП депонија Дрисла Скопје, донесе

# Одлука

## За определување службени лица за посредување со информации од јавен карактер

### Член 1

Како службени лица за посредување при остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располага ЈП депонија Дрисла Скопје како имател на информации, се определува работниците:

1. Дијана Велјаноска Живановиќ

### Член 2

Службените лица за посредување со информации од јавен карактер контактираат и ги даваат потребните информации од јавен карактер со кои располага ЈП депонија Дрисла Скопје согласно листата на информации утврдена со одлука и им помага на барателите на информации во остварувањето на своите права согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, други закони и актите на претпријатието.

Службените лица се должни да водат посебна евиденција за примените барања, чувањето и давањето на информациите согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, други закони и актите на претпријатието.

### Член 3

Службеното лице за посредување со информации, по добивање на барањето, формира предмет со сите релевантни податоци со предлог до Директорот на претпријатието да се даде целосна или делумна информација, или да се одбие барањето за пристап до информации согласно член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Директорот на претпријатието или лице овластено од него, соработува со службените лица за посредување со информации заради создавање на услови за примена на одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

### Член 4

Одлуката да се објави на веб страната на ЈП депонија Дрисла Скопје.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила и ќе се применува од 01.01.2021 година.

ЈП депонија Дрисла Скопје

---------------------------------------------

В.Д. Директор

Коста Начевски